Бр. 02 -670
7.7.2023 година

Врз основа на член 4 од Одлуката за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за студентите чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2023/2024 година (бр. 02-670/6 од 20.6.2023 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

## за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2023/2024 година

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител **кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2023/2024 година**

2. Право на учество на Огласот има секој студент кој запишал зимски семестра на прв циклус на студии во учебната 2023/2024 година, а кој има само еден родител со родителско право (во натамошниот текст – апликант), односно има:
   - само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените, или;
   - починат родител, или
   - родител кој го загубил родителското право.

3. За спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Оглас, единиците формираат комисија и најдоцна од 22.9.2023 година објавуваат електронска адреса за аплицирање.

4. Апликантите, **најдоцна до 6.10.2023 година до Претседателот на Комисијата во својата единица**, на објавената електронска адреса треба да достават пријава во која ќе наведат
   - за бруцошите: вкупен број на поени според кои, согласно Конкурсот, студентот се запишал во прва година на студии
   - за студентите од повисоките години: просечен успех од положените испити

   Со пријавата апликантите, во pdf – формат, ги доставуваат и следниве документи:
   - потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата,
   - за корисници на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
   - за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија

- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд и/или
- за починат родител - извод од матичната книга на умрените.

5. Во постапката за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител секоја единица треба да изврши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати (согласно чл. 5 од Одлуката). Комисијата самостојно ги пресметува поените и креира ранг - листа за секоја студиска програма и за секоја студиска година пооделно. Ранг - листите се објавуваат на интернет страницата на единицата најдоцна до 13.10.2023 година.

6. Апликантите имаат оправо на приговор по објавените ранг- листи најдоцна до 20.10.2023 година. Комисијата на единицата ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите во рок од 5 работни дена. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се симнува од ранг-листата. Прворангираните кандидати од секоја листа ја сочинуваат Конечната ранг-листата на добитници на погодноста за намалување на уписнината за единицата.

7. Конечната ранг-листа Комисијата ја објавува **најдоцна до 27.10.2023 година**.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**СКОПЈЕ**